АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# Склучени договори за финансиска поддршка со земјоделските задруги



На ден 03.11.2014 година во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во присуство на директорот г-дин Тони Димовски и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-дин Михаил Цветков, се склучија договори за финансиска поддршка за мерката 131 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност.

Единаесет земјоделски задруги потпишаа договори за набавка на земјоделска механизација пред трактори и приклучна земјоделска механизација (плугови, тањираци, приклучоци и специјализирана опрема за производство на ориз, виљушкар). Вкупната вредност на финансиска поддршка е во висина од околу 21 милион денари која претставува 90% од вкупната вредност на инвестициите.



Воедно, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со последната измена на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој направи напори да обезбеди средства за сите соодветни апликации по оваа мерка, така што од првично предвидените 11 милиони денари се пренаменија уште 10 милиони денари дополнително.